Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 22-4225/1
03-06- 2026 20 год. / viti

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ОД ОПШТИНИТЕ, ГРАДОТ СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 140 став 1 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/21, 236/22, 65/23 и 192/25), Министерството за социјална политика демографија и млади објавува Јавен повик за обезбедување на средства за давање на социјални услуги ОД ОПШТИНИТЕ, ГРАДОТ СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, кои ќе се реализираат во соработка со лиценциран давател на услугата, со финансиска поддршка од министерството, а за ранливи групи на граѓани, за кои е утврдена потребата од одреден вид на услуга, со цел да продолжи давањето на социјалните услуги воспоставени на локално ниво кои се реализираат од страна на лиценциран давател на услугата преку Проектот за подобрување на социјалните услуги.

1. **Вид на услуги:**

Со овој повик се обезбедуваат средства за општините за обезбедување на:

1. Услуги во заедницата:
- центар за дневен престој за лица со попреченост и индивидуална работа

2. **Висина на средства кои се доделуваат и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги**

Министерството за социјална политика, демографија и млади, ќе обезбеди средства за давање на социјални услуги од страна на општините во соработка со лиценциран давател на социјални услуги, по цената на услугата утврдена со Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и одмена на семејна грижа за 2026 година, донесена од министерот за социјална политика, демографија и млади бр. 02-8269/1 од 22.12.2025 година, изготвена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/19). Средствата ќе се обезбедуваат по корисник на месечна основа, за кој Центарот за


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

социјална работа има издадено решение, во период од денот на завршувањето на финансиската поддршка преку договорот за грант до 31.12.2026 година.

3. **Потребни документи**:

Доколку услугата се обезбедува од страна на центар за социјални услуги основан од општината, се приложуваат следните документи:

1. Пријава (Формулар за аплицирање за обезбедување на услуги, објавен на официјалната веб страница на министерството www.mtsp.gov.mk) потпишан/а и заверен/а од страна на Градоначалникот на Општината,
2. Програма за давање на социјалната услуга и детален опис на активностите со конкретен работен план за имплементација и период на реализација на програмата за давање на социјалната услуга за која се бара доделување на средства, полн назив и адреса на субјектот кој ќе ја реализира програмата за давање на социјалната услуга,
3. Документ за остварено партнерство, меѓусекторска соработка и обезбедено кофинансирање (доколку има),
4. Контакт податоци за одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјална услуга (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број) и листа со податоци за стручен кадар и лица ангажирани за давање на социјалната услуга,
5. Изјава од општината дека нема добиено други средства за давање на услугата,
6. Годишен извештај за работа од претходната година и завршна сметка за претходната година на центарот за социјални услуги,
7. Годишен план за финансиски и материјални средства за давање на услугата на центарот за социјални услуги.

Општината, за центар за социјални услуги кој е основан во тековната година во која се објавува јавниот повик, не ги доставува документите од точката 6 и 7.

Доколку социјалната услуга се реализира преку остварена соработка на општината со лиценциран давател на социјални услуги, се приложуваат следните документи:

1. Пријава (Формулар за аплицирање за обезбедување на услуги, објавен на официјалната веб страница на министерството www.mtsp.gov.mk) потпишан/а и заверен/а од страна на Градоначалникот на Општината,
2. Договор за соработка со лиценциран давател на социјални услуги,
3. Програма за давање на социјалната услуга и детален опис на активностите со конкретен работен план за имплементација и период на реализација на програмата за давање на социјалната услуга за која се бара доделување на

средства, полн назив и адреса на субјектот кој ќе ја реализира програмата за давање на социјалната услуга,

4. Годишен извештај за работа за претходната година, односно за 2025 година на лиценциран давател на социјални услуги,
5. Уверение за платени даноци издадено од даночните органи на лиценцираниот давател на социјални услуги, не постаро од шест месеци (оригинал или копија заверена на нотар),
6. Контакт податоци за одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјална услуга (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број),
7. Листа со податоци за стручен кадар и лица ангажирани за давање на социјалната услуга,
8. Изјава од лиценцираниот давател на социјални услуги **заверена на нотар** дека нема добиено средства од друг државен орган или единица на локалната самоуправа за истите активности за давање на услугата,
9. Решение за давање дозвола за вршење работа во социјалната заштита и сите дополнителни измени кон истото (**оригинал или во копија заверена на нотар**),
10. Доказ за воспоставен механизам за контрола на квалитетот на услугата и систем на поплака од клиентите (обрасци).
11. Потпишан Договор за грант за развој на социјалните услуги во рамки на „Проектот за подобрување на социјалните услуги" (Број на Договор за заем #8902-МК и #9633-МК)

Лиценцираниот давател на услуги кој добил дозвола за работа во тековната година во која се објавува јавниот повик, не ги доставува документите од точките 4 и 5.

4. **Рокови за спроведување на постапката:**

Јавниот повик трае 5 дена од денот на објавувањето на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Заинтересираните општини пријавите да ги достават, преку архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади на адреса ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје, во затворен плик, со назнака за Јавниот повик за обезбедување на средства за давање на социјални услуги од општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје за 2026 година.

**Пријавите кои ќе се поднесат по овој рок и со непотполна документација нема да се разгледуваат.**


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Комисијата за обезбедување средства, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на пријавата, изготвува мислење до министерот за социјална политика, демографија и млади, по спроведена постапка, согласно Законот за социјалната заштита и Правилникот за поблиските услови за доделување на средства, образецот за бодовна скала и начинот на обезбедување на социјални услуги од Општините („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.163/22, бр.269/2022 година).

Министерот за социјална политика, демографија и млади по добивање на мислење од страна на Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели донесува решение за доделување на средствата.

Министерот за социјална политика, демографија и млади ќе склучи Управен договор со општината и лиценцираниот давател на услугата, со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во реализација на дадените средства, во рок од 15 дена од денот на конечноста на решението за доделување на средствата.

**Општините кои ќе добијат средства од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, имаат обврска на сите материјали (печатени и електронски) кои ќе бидат продуцирани во рамки на испорака на услугата на видно место да стои:**

Поддржано од:

Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk